

Галијана Маркова

# ПОЛИГОНИ

ТЕМПЛУМ

e book

okno.mk

Уредник на едицијата: Никола Гелевски
Графичко уредување и дизајн: Точка™

авторка на цртежите на стр. 28, 29 и 69: Kiki Smith

Темплум, адреса:
Климент Охридски 15, 1000 Скопје
www.templum.com.mk
templum@mt.net.mk

Благодарност до Комерцијална банка АД,
која го помогна доделувањето на наградата „Новите!“

**CIP** - Каталогизација во публикација;
Национална и универзитетска библиотека
„Климент Охридски“, Скопје

**821.163.3-32**

**МАРКОВА, ГАЛИЈАНА**
**Полигони: записи / Галијана Маркова** - Скопје : Темплум, 2007.
- 116 стр.; 18 см. - (Библиотека Катапулт; кн. 4)

ISBN 978-9989-189-15-9
COBISS.MK - ID 71100682



КАТАПУЛТ
книга 4

# ПОЛИГОНИ

ГАЛИЈАНА МАРКОВА

*записи*

ТЕМПЛУМ
Скопје, 2007

## СОДРЖИНА:


| | |
|---|---|
| полигони | :11: |
| трн | :13: |
| camera obscura | :14: |
| космичка прашина | :16: |
| странец | :17: |
| збирка | :19: |
| овде и сега | :20: |
| умор | :22: |
| игра | :23: |
| what if | :24: |
| тигарот, јаготката и амбисот | :26: |
| неодгатлива тајна | :28: |
| најтешкиот занает на светот | :29: |
| амалгам | :30: |
| замислена преписка | :31: |
| примрак | :32: |
| апатрид како резултат на искуството | :33: |
| добар ден, Кина | :34: |
| физиономија | :35: |
| идентитет | :36: |
| галијана versus Деспина | :37: |
| chawaah | :39: |
| твоите очи се на мене а мене ме нема | :40: |

изместеност :41:
позади болката - камен на мудроста :42:
венчален софтвер :43:
другата страна на злото :45:
град без слаткарница :46:
хармс :47:
критериум за живот :49:
кујната на fatum и fortuna :50:
д.к. :51:
култови :53:
некако и куче :54:
давид :56:
голијат :57:
тринити на островот самос :58:
ова е мајка ми :60:
супермаркет :62:
патот на озборувањето :64:
причина :66:
мисли :67:
the living sea :68:
the man who cried :69:
јавањето по брановите :70:
загубеното време :71:
живеење во дупка :72:
змеј :74:
казан :75:
ако се накашлам како мачка :76:
симпозиум нов :77:
пролет, лето, есен, зима :79:
патологија :80:
концепт :82:
ко егзистенција :83:
miserum est :84:
мементо :85:
дисциплина :86:
game, seth, match :87:
жена диета :89:
пријателот на смртта :91:
глетки :92:
дефокусирање :93:
куклата на митрополит Антониј :94:
делузија :95:
сламката за која се фаќаат давениците :97:
драма :98:
serendipity :99:
невозможен политички дијалог :101:
убивање на љубовта :102:
тривија :104:
текстурата на космосот :105:
чистка :106:
лек за смртта :107:
ракописи на шала на смеа :108:
трансфер на искуство :109:
исповед писмо :110:
меч со повеќе острици :112:
полигони 2 :113:

на
Малиот принц,
и солената кукла на Митрополитот

*Солената кукла на брегот на океанот постојано си го поставувала најпопуларното прашање на светот: „Која сум јас?“ Еден ден, кога веќе била доволно солена, влегла во широкото водено синило и го прашала: „Кој си Ти?“ А синилото молчело.*
*Кога, на крајот, куклата сосема се стопила со океанот, со сета радост на сопственото исчезнување, извикала: „Знам, Ти си јас!“*

## ПОЛИГОНИ

Во една слепа уличка на моето детство, имаше скриено игралиште за кое знаеја само две три деца од целата населба. Игралиштето не беше многу големо, дури може да се рече едвај нѐ собираше сите, кога ќе се случеше да се сретнеме без претходна најава или договор. На едната страна беше ѕидот што ги спојуваше двете последни куќи во улицата, а на другата некој чуден несиметричен спој од задните дворови на неколку напуштени, полуразурнати куќи, заокружен во простор каде што секојдневно ги изведувавме нашите скришни вежби.

Во долгите часови исполнети со неуморни обиди да запомниме што е можно повеќе зборови и значења, често пати кога ќе пиевме кафе, со засушениот талог цртавме секакви будалаштини по земјата, и во случајно добиените точки и линии се трудевме да прочитаме скриени пораки, да изведеме временски прогнози, и претпоставки за оценките од следниот тест. Често пати со врзани очи измислувавме толку неверојатни патешествија, што вештината на убедливо раскажување прераснуваше во повеќе од игра. Вака-така од играчка настана сериозна геомантичка приказна, и за кратко време знаевме сѐ што ќе биде, во наредните илјада–две илјади години, но никак-

во фајде, верувале или не. Единствено што некои од нас заглавија во затвор, некои мораа да емигрираат, а некои да претрпат и целосна промена на идентитетот. Така е тоа, човекот се раѓа за други, но умира за себе, со сите белези на прозирноста што му се лепат по пат.



## трн

Имаш милион страни од кои можеш да му пријдеш на животот. Од страната на *ништото*, можеш да му приоѓаш засекогаш, и никогаш да не допреш ниту еден аспект од можните безброј.

Особено ние, смртните, уловени во канџите на просторот и времето, двата ѕвера на трошноста, не можеме ни збор да изустиме за глетките од онаа страна на конечното.

Чудењето, исчудувањето, како трн во здрава нога, не престанува да нѐ следи во чекор, на крилјата на назаднава минливост.

## camera obscura
## (автобелешка)

Конечно скриена зад утопијата на псевдонимот, можам до бесвест да се препуштам на уживањето во бесмислата, онака како што прилега некому што не е.



Уживањето е бавно, развлечено, затапено: ако треба да го поткрепам со филмска слика, недвојбено тоа е сцена на неколку космонаути коишто плутаат по површината на празната бесконечност, без цел, без крај, а можеби и без воздух; камерата нема да ѕирка во нивната волја за живот, за да не ги оптоварува со чувството дека се набљудувани или подложни на суд...

Во втората сцена, се разбира, би се појавил еден весел механичар, којшто потсвирнувајќи како исон на тишината, би направил рутинска проверка на кислородот, количината и квалитетот...

Би направил прогноза за времето на животот и би ја поправил драмата на просторот: од срцето на сѐ би го отстранил отчукувањето и дупката би ја затнал со непресушен извор на прашања.

Зошто ова вака и зошто тоа така?

И потоа со својата торба алатки (tools) нечујно би ја напуштил сцената со чувство на задоволство заради завршената работа, повторно засекогаш.

Тогаш во стилот на cut with a knife... сцената ненадејно би завршила, со чувство дека лебдењето како начин на ненаметливо присуство е можност која чека неискористена зад секое трепнување со очите, како миг уловен помеѓу две вдишувања, Ах и Ох.

Да останеш вчудоневиден.

## космичка прашина



Ова „јас“ сега

Сепак значи пребарување по кутиите со стари писма, текстови, дневници. Бришење на космичката прашина што се наталожила од едно прокоцкано меѓувреме уништено од немукает, од немање волја за Ништо, како единствена полнота на можната смисла.

Чудниот несуден философ на моето десно раме, спие во вид на малечок показалец, вперен во небо.

Одбројува, ме потчукнува. Понекогаш, ме прашува за истоветноста, со себеси.

Да можев да кажам барем една проста реченица...

Вака, молчењето покрива сѐ

Лажните имиња, големите љубови, потенцијалните скандали, и тоа дека 2 не се покорува пред супериорноста на 3

## странец



На еден чуден крај од светот, некаде на неговата источна страна, во една бескрајно широка долина, живееја луѓе, поточно суштества коишто не знаеја за течење на времето, ниту пак имаа осет за тоа дека просторот некаде почнува, се протега, и на крајот можеби се лишува од својата бесконечност. Во нивната свест немаше место за потреба.

И за да почне нешто да се случува, како и во останатите митови за пештерите, така и овде, одненадеж, на брановите на едно цунами кое беснееше на другата страна на светот, на пространите полиња во питомата долина, беше исфрлен еден туѓинец, на кого, после сѐ што се случи, староседелците му го дадоа името Странец.

Странецот, сосема наивно и без предумисла, и без да е во дослух со никој од долината, почна секојдневно да им ги предава на староседелците своите размислувања за постанокот на светот, за космосот, за ѕвездите, за океаните и нивните длабочини. Им ги нудеше своите сознанија наликувајќи на надрилекар, кој за своите еликсирни напитоци тврди дека се сигурен лек за сите болести. И се создаде

чуден однос помеѓу него и староседелците. Најпрво тие беа незаинтересирани за сè што тврдеше Странецот, но постепено, со забрзување какво што може да има само процесот на природна еволуција, на периферијата на долината се натрупаа толку исклесани камени блокови со зборовите на туѓинецот, што се создаде милје за еден сериозен, вистински колосеум, кој срамежливо, но неотстапно, ги рашири своите камени дланки кон небото.

Долината неосетно прерасна во арена за сè.

Но, освен учењето дека не се од овој свет, и дека можат да завладеат со светот само тогаш кога ќе завладеат со себе луѓето од долината не прифаќаа други доктрини. Како печурки по дожд никнуваа мали колипки во кои можеше да влезе само по еден жител, места каде што тие се задлабочуваа во себе и се учеа на контрола. Некогаш доцна во ноќта, над колибите можеше да се забележи облаче од толку ненаметливи мисли, „што го исполнуваа срцето со среќа", во случај некој да го здогледаше.

Крајот на Странецот беше во една таква колиба, откако староседелците го убедија дека вештина над вештините е да бидеш како оној што многу знае, а умее да молчи.



## (збирка)

*Амбис напред, амбис позади, таканаречен безизлез*

Сакав да отворам еден фолдер и да го наречам

*Илјада и еден расказ за илјада и една минута со чај.*

Но тоа секогаш го правев само во мислите: пресметував, барем три пати во годината, колку денови се потребни за да се напишат тие илјада (и еден) цветови. Во зависност од нивната должина, како и во зависност од напливот на инспирација, секогаш некаде кај деветнаесеттиот (19) расказ, умирам, со пенкало во уста, а од устата истекува мастило. И ова секогаш се случува во Кина, при крајот на шеснаесеттиот век, и секогаш некаде во едниот агол на страницата мириса на магнолија...

Не знам зошто во меѓувреме ги испив тие милион чаеви

И ги помислив сите можни лавиринт мисли

Веројатно зашто немам background

## овде и сега

Сегашноста има некоја таква моќ, да се апстрахира себеси од остатокот на времето, и сè што ќе се најде во нејзин посед, да го прогласува за екстремно ладно, екстремно топло, екстремно млако, екстремно whatever...



Ако сега се води војна, никогаш не била со толку неиздефинирани страни на спротивставеност, и никогаш повеќе од сега не било толку тешко да се одреди непријателот.

На пример, ако има земјотрес, сегашноста веднаш декларира: никогаш не бил олку катастрофален! И никогаш не се случил олку рано наутро, толку ненадејно. И никогаш часовникот не запрел токму во толку и толку часот!

Или, во случај на поплава, сегашноста веднаш почнува: никогаш водата не била олку надојдена...

Сегашноста е секогаш во близина на елементарните непогоди. Ако минатото лето беше најжешко, ова лето, денес, сега, во моментов, е пожешко од кое било во историјата, и тоа не заради глобалното затоплување, туку само заради неподносливоста на моментот...

Бидејќи сегашноста ја има таа привилегија никогаш да не преминува во минато, затоа и е лесно да манипулира со сите пресметки на статистичарите. Ако треба да се одреди годината во која бројот на краставиците коишто пропаднале поради суша бил најголем, тоа е сигурно оваа година, бидејќи ако минатата година пропаднале поголем број краставици, тоа е грешка. Ниедна пропаст не може да се споредува со оваа, заради власта на сегашноста и нејзината склоност кон диктатура, која секогаш го присвојува рекордот на минатите сегашности.

## умор

Мојот умор ја прегрна вселената
Како кит од десет тони
И слон готов да умре
Направив свртување
И во галоп, се закопав во сегашност,
Ни лево ни десно,
Речиси никаде, ниту каде било
Засекогаш
I almost believe in
everything



## игра

Склопот зборови што блеснува во свеста и трае толку колку да можеш, ако во моментот немаш друга работа, евентуално да ги врежеш на некој камен, е нешто неповторливо и нешто што не можеш да го изнудиш по пат на логичко размислување. Во тој краток миг гледаш дека твоето тело е врзано во коло низ кое протекува енергија којашто има моќ да те осветли но и да те спржи, користејќи се со земјината атмосфера како со обична фритеза од било која попатна сендвичара. Најинтересен е моментот кога човекот почнува од никаде да си поставува прашања, плус и минус бесконечност, без да има ниту еден нормален или соодветен одговор. Некогаш, од превисок напон, светулчето прегорува и колото се прекинува, па на местото од човекот останува само една искрена недоумица, во која категорија на созданија ли спаѓа?, со така помрачен идентитет и апатија наместо мозок. Среќа што прекинот не трае доволно долго за да остави трајни последици во базата на податоци, а за да не биде сè препуштено само на среќата, човекот има талент да заборава.

## what if

Ја гледам сопствената сенка

Но тоа е всушност ткиво на едно чувство дека концептот за сегашноста, минатото и иднината е фикција.

Потребен ми е оној тобоган на свеста во кој, заради брзината на движење на телото, доаѓа до мешање на времињата, заради што предвидливоста е обично читање на невидливи знаци, така наивно залутани во сонови, лапсуси, неконтролирани зјаења во празно, итн.

Вечноста склопчена во мала ништожна секунда која се репродуцира до бесвест, се клонира, се размножува, се повторува. Налик на ѕвездите што кога ги гледаме, не постојат.

Ако сè што постои е само светлина и ако привидот на црните дупки создава впечаток дека сè вистински се случува, единственото сериозно прашање во мешаницата на димензии е, како е можно некој да се појави на овој свет, да живее со брзина на желка, а да не биде желка?

Дали е можно на следниот агол, следното трепнување, сè уште сè да е тука, земјината тежа, срцето, сета космичка бркотница? Зарем нема да нè зграпчи силната шепа на несреќата, онака забревтани, залауфани, убедени до крај? И зарем нема веќе во следниот миг, на излезот од тунелот, да посакаме да не се вратиме, никогаш веќе? На ова ниво, во калта од која така непланирано никна театарот на животот, битието во неговите свилени ракавици и неодоливо убедливиот настап...

Па, како и да е.

## тигарот, јаготката и амбисот

*Бегајќи од една животна ситуација,*
*бегството потоа ми стана стил на живеење.*
*Но ова, сепак, не е ода за Фугата*

Во новонастанатата ситуација, каде што веќе нема потреба од бегање, правејќи аналогии со минатото, знаејќи дека основна карактеристика на незнаењето е да не знаеш дека не знаеш, сепак е подобро да се скока од една во друга стапица, одошто премногу долго или засекогаш да се остане во една.



Практичен пример за стапица е да речеме, убеденоста дека илузијата е стварност.

Се прашувам, во што би била разликата помеѓу тоа да ме има, и да ме нема? Колку е само убава приказната за илузорноста на сè што е минливо и што нема темел во последната, ултиматум-стварност! Секој здив, секој поглед, секакво наслушување, и цело слушање, па и ечење; сè е само привид.

И тоа, не како принуда или незапирлив тек
Кој носи сè пред себе

Туку како тивко, настојчиво роморење на дожд кој ниту се гледа, ниту може да те натопи ако го завртиш лицето кон него, но сепак непрестајно паѓа и досадува. Неговите капки ја разводнуваат приказната, којае толку стара што речиси ја заборавив; фабулата беше дека бегајќи пред крволочното животно, доаѓам до крајот на патот, и паѓајќи надолу долж ѕидот од амбисот, и не сакајќи напипувам грст свежи, преубави јагоди, штотуку созреани. И еве веќе неколку години им се насладувам и не умеам да го истолкувам ова одложување на крајот. Станав најпознатиот одгледувач на јаготки во регионот, а сето тоа само благодарение на тигарот.

## неодгатлива тајна

Зошто е љубовта билка
Што не може да виree



Во срцето носев една роза сина,
Но помина некој, розата ја скина



## најтешкиот занает на светот

Во што се состои
Креативноста на мислењето



Идеите се закопани
Мошне грижливо под кората на мозокот
Камуфлирани со
Безначајни мисли дребулии од типот силогизми
Загатки, прашања помножени со бесконечност
Срцето на досадата е последната
Логичка тврдина што треба да се освои
За да се дојде до лопатата или копачот
А потоа – никој не може да нè спаси од копањето

## амалгам

Конечно открив дека сум некој друг

По долго време кружење низ милионите истости испреплетени во бескрај ...



Сега гледам дека сите тие јас не постоеле освен во сенката на овој што сега го следам како ноќта што следи по денот не заради тоа што така сака, туку зашто не може поинаку, барем не во овие 24 часа.

А тоа, дека сум некој друг, открив случајно, во љубовта на некој што ме сакаше посилно од себеси, па настана забуна и дојде до мешање на идентитетот, како две слични дрвца од иста сорта, посадени на недоволно растојание...

## замислена преписка

Чудно е што таму каде што живееш ти, нема адреса, зашто - кога би ти пишувала секој ден по едно вакво писмо, до Велигден тоа би се претворило во роман. Замисли си, роман од помисли. Преписката на Кучето Икар со Слончето Лонче.



И чудно е, исто така, што некои велат дека твоето постоење е спорно.

Иако јас верувам дека си во Куба. Кога дојде на *погребот* на татко ти, не ме покани.

И јас, во знак на протест, на почетокот на овој век, тргнав во обратната насока од крајот. За да молчиш потребно е некој да те гледа.

Што ли правиш тогаш со своите

Маски

Анализи

Бришење на меморија

Постојано почнување од почеток, на другата страна од светот

(нешто ми мириса на W.Wenders)

## примрак

И МРАКОТ
Е светлина
Но отсутна
До густина на невидливост

И потешко поминува низ ѕид

Обичната состојба на свест
Не може да ја долови
Суштината на
Ноќта
Како прецизни геометриски шари
на грбот на пеперутката



## апатрид како резултат на искуството

Ќе ја најдам Македонија во сè, не одејќи никаде и не правејќи ништо. Просто гледајќи во една точка и замислувајќи ја татковината на апсурдот како грб на мојата земја.

Во еден обичен камен низ кој поминале милиони галони бистра планинска вода којашто наскоро ќе биде причина за војна, жалам за сите погрешни анализи и несреќни проценки според кои ego sum qui sum звучи како застарена песна од џубоксот на праправремето.

Ако доволно брзо се тргне во истиот правец, а во спротивна насока, се доаѓа до местото на постанокот и до крајот на сите почетоци, а за таа свечена прилика не е лошо да си совршено идентичен на себеси.

## добар ден, Кина

Во име на радоста
дебел слој празнина
Се наталожил на дното
Од Очајот,
Да има доволно за сите
Иако Бесконечноста
ископала дупче на чудно место:
во центарот на Смислата

За да кружи воздух
Одвреме–навреме,
И да дише Неподносливоста
На клишеата

Кога Европа би прозборела на азиски,
Веројатно и Ѕидот на плачот
Би ронел солзи
со клинесто писмо
за да сфатат
не само камењата



## физиономија

Лицата на луѓето се живи мапи на кои е исцртан патот до скриеното богатство.

Збирот на цртите, кои се продлабочуваат со текот на времето, секогаш е поголем од разликата помеѓу нивната длабочина и бројот на годините.

На пример, цртите многу лесно упатуваат на добрината на човекот, особено кога се влечат во насока на насмевка. Или кога се скаменети во длабока исихија. Молкот е нежната дланка на цртачот кој го гали своето дело додека ова спие.

## идентитет

Некоја мисла
Вообличена
Како крива линија



Бог да чува

Некоја мисла
Обична
Барем еднаш годишно

Бог да чува

Било каква
Невозможна
Од светот на идеите
Од која ни Бог
Не може да те
зачува

## Галијана versus Деспина

Имам потреба да ти ја раскажам приказната, за да ме видиш подобро. Што бев пред да станам ова што сум сега?

На вратата од мојата соба (однадвор) пишуваше: „Нека не влегува никој што не умее да се занимава со: „геометрија“...; а од внатрешната страна: „безделничење“. И веднаш до зборов имаше парченце огледало кое повеќе личеше на дупка во вратата. И воопшто, сѐ беше така поставено за да има неограничени можности за бегства во разни насоки. Мизар, Joy Division, Архангел, Лачни Франц, Jeff Buckley...



На таванот, наместо лустер, имаше некаква светлечка топка што требаше да симулира сонце, и на неа пишуваше: „Si duo faciunt idem, non est idem“. Обично, кога тонев во сон си мислев – навистина, поволна насока на движење на љубовта, и ако е можно, тој збор да не се користи толку зачестено, ќе ја загуби силата.

Значи, еден вид кокетирање со симболите...

Ги знаеш оние тревки со мноштво ливчиња? Кога, откинувајќи едно по едно, одиш до последното да видиш што ќе остане: постојам – не постојам – постојам – не...

Во еден миг ми се допадна да бидам *над* сето тоа. Сега се прашувам, да не дојде малку прерано, мојата потреба за лебдеење?

Ме прогонува една развлечена, мрзелива кантовштина – што треба да направам, и се прашувам, дали и нему му паѓале на ум такви чудни, невозможни прашања, во, можеби, слични околности? Те сакам, тоа е единствениот сигурен ленгер на моето постоење...

*На Мојот Ангел,*
*Депортиран во Словенија '48*
*(Деспина родена Маркова, во Цакони, Грција)*



## chawwah

Во цврстата анестезија на првиот човек кога било создаден, се нурнувам во некоја од неговите набабрени вратни жили и со нетрпение чекам да се разбуди и да ја види. Мис на универзумот, mother of life.

Четири милиони години чекање можеби и не е толку многу, ако секоја секунда од времето била полна со сакање.

Размислувањето околу догмите не мора нужно да завршува со анатомско пребројување на ребрата. Или барање можност да се прокриумчари некој од системите како што е нервниот, низ клучалката на непоткупливата предодреденост.

За потоа да може со двократно внимание да се претрпи шокот од сознанието. Дека сè што постои можеби исто така не постои.

## твоите очи се на мене а мене ме нема

Сигурно некоја голема причина
Стои на патот



Не само мене, туку градови цели,
Села, планини, реки

И вечноста вшмукана во тој празен простор
Помеѓу првата љубов и Сега

Нема да ме види окото на оној што ме видел;
Твоите очи се на мене
А мене ме нема

## изместеност

Ако подобро размислам, над главата постојано ми лебди едно облаче многу слично на фиока од работна маса. Кога му буричкам низ содржината, гледам дека се тоа грст ненапишани честитки за Божиќ, најмалку три писма на битни личности кои се преселиле во далечни земји без да го довршиме разговорот, вината дека можам да бидам *далеку* подобра, како и чувството дека сето ова мора да е сон.

## позади болката - камен на мудроста



Болката е само обид за бојкот.

Апсурдот со кој се соочува мозокот, во мигот кога ги гледа вратени назад своите барања, надминува секакво знаење за потеклото, а и натамошниот развој на збрката во функционирањето.

Но едно е сигурно: во моментот кога се добива повратната информација за болка, духот е принуден на иступление.

Дури тогаш природата, здогледувајќи го својот одраз во отсјајот на ништожеството, подзапира, и седнувајќи на клупата за резервни играчи, го избегнува укинувањето, така наречената смрт.

Па во знак на каков-таков протест, ја продолжува емисијата на тивко малтретирање што зрачи од суштината на постоењето, во вид на незасегната константа наспроти ѕвезденото небо, за коешто *така зборуваше* Емануел К.

Тоа ли мислел Кикерон, кога рекол, лекот за болката го барам од философијата?

## венчален софтвер



Еден од најпосакуваните маалски ергени во тивката скопска населба во подножјето на Водно, своите долги зимски денови ги минуваше постојано сурфајќи по брановите на *мрежата*, без да има некаков особен план за следните десетина години. Соседите не обрнуваа внимание на неговата невртка, сметајќи на тоа дека сè во животот си има свое време на случување, и тоа обично не се совпаѓа со она што ние го посакуваме.

Како и да е, младиот бесперспективен сурфер реши да си најде жена преку интернет, и за таа цел го огласи своето привлечно лице на една соодветна www страничка.

Наскоро неговото сандаче беше преполно со понуди за состанок и кутриот ерген се најде во небрано помеѓу стотината, кој од кој поубав предлог. Бидејќи не можеше лесно да избере, реши да договори состанок со сите што се јавија на огласот, па за тоа, потоа.

Така, зимата ја помина решавајќи ребуси и криптограми за разни непостоечки ликови, што од игри, што од филмови и книги, кои освен што не постоеле во нивната сопствена виртуелна реалност, не можеа да најдат линк ниту до неговото срце, бидејќи *тоа* секогаш собираше повеќе отколку што реалноста можеше да поднесе.

А неговата несудена невеста чекаше да се роди на некој од милионите портали што бесшумно струеја низ крвотокот на мрежата, ден и ноќ, сонувајќи каква боја ќе бидат поканите за нивната вистинска свадба.



## другата страна на злото

За сите што сакаат да учествуваат во решавањето на загатката, пожелно е да се наоружаат со исконската негација на сите негации. Имено, откако ќе го победи злото во себе, човек може да се шета гол по улиците на светов без да се плаши дека некој ќе го препознае.

## град без слаткарница



Таков град постои, на југоисток од земјата.

Во едниот и единствен музеј на крајот од градот, кустосот секогаш со особено задоволство застанува пред пистата на едно троглаво чудовиште во вид на баклава-еклер-индијанка, со нозе на кадаиф.

Приказната е дека во почетокот на 18-иот век, на целата планета имало недостиг од шеќер, но особено во градот на југоисток од земјата, немало ниту едно зрнце. Последните три колачиња, како и залепените остатоци кадаиф врз една валкана вилушка, граѓаните сложно одлучиле да ги замрзнат и да ги изложат во музејот како национално обележје и спомен на среќните времиња.

Приказната може да се движи во разни насоки, но Јас навистина живеам во град во кој не може да се влезе во слаткарница.

Било каква сличност со вистинскиот живот не е намерна.

## хармс



Се шетале два човека по една улица и гласно викале:

-In the name of love!
-love!

Луѓето се чуделе што сакаат да кажат, а од звукот на нивните извици се вееле завесите во нивните домови, како да дува силен ветар, а и стаклата на прозорците на места се распукувале.

-In the name ... – викал едниот.
-beloved ... – ќе довршел другиот.

Малку по малку, не останал ни еден здрав џам во улицата, а стакларот од премногу нарачки бил принуден да земе боледување од државната работа, од што не можел сè да постигне. Но ни тоа не помогнало, и наскоро земал и одмор, а по тие 30 дена се преселил во друга улица.

Но звукот бил толку продорен, што стасувал и до другата улица, и третата, и четвртата, и воопшто целиот град бил прошаран со пукнатини, слични на оние што ги пра-

ви молња врз кршливото ноќно небо. Стакларот умрел од работа, а всушност сѐ било таен договор меѓу него и нунците, и тоа не го дознал никој, освен дедото од бројот 143, којшто во поткровјето имал две мали пенцерчиња од азбест и пластика. И тоа сосема случајно, кога и несакајќи ...

- in the name ...

Ја спречил пластиката да се распука.



* во спомен на Д. Хармс

## критериум за живот

За почеток, одвојувам 4 секунди за вдишување. Исто како да си пропаднал во пештера на Матка. Таму возевме велосипеди, и додека другите беа алпинисти, јас скитав со козите по нивните тесни патеки. Не ги најдовме иглените уши, иако секогаш, во вторите 4 секунди, првата помисла ја издвојував за тоа: Боже, изненади ме! Среќата напаѓа од грб, а смртта од десната страна.

Поминав десет години во 4 квадратни метри, за секоја секунда по еден. Го проучив дишењето во сите негови детали.

Мојата потесна специјалност е одложување на задоволството. Тоа е правење мала пауза помеѓу, пред да издишеш. Можно е да си мртов, но некој чуден трепет на телото ти праќа порака којашто одрекува. Одложувањето е до таа мера продолжено, што прераснува во -

Задоволство

Да не беше смртта, можеби судбината и случајноста ќе беа нешто различно. Но вака, немоќта пред фактот наречен departure* и ставеноста пред свршен чин (така што се нема ни толку време колку да се спакуваат најосновните дребулии за по пат) ја потврдуваат старата вистина: додека ме има *мене*, ја нема смртта. Можеби од тие причини, освен што значи некаков вид средба, и тоа можеби токму со судбината, зборот среќа тешко дека означува нешто друго поблизу до умот... Се разбира, независно од тоа дали човекот е жив или мртов. Оттаму ранливата природа, како и неможноста за достигнување совршенство, создаваат впечаток дека сѐ е трик. Заради копнежот, заради стремежот, заради посакувањето.

И за да не се добие претстава дека меѓу слободата и случајноста, исто така, може да се стави знак на еднаквост, доволно е да се потсетиме дека - иако Бог ги има лозинките за сите наши сефови и знае однапред сѐ што ќе се случи - тоа сѐ уште не мора да значи дека сѐ е однапред одредено.

Вратата на парадоксов се отвора со клучот на слободата. Како што во царска кујна се готват најоткачените деликатеси на светов, не заради префинетиот вкус на царот, туку заради изобилието продукти и вештината на готвачот.

* преубав збор за истото тоа не толку убаво





Дон Кихот може вода да ми носи.

Не знаете вие каков човек сум јас.

На пример, знам да направам најубава торта на свет, и никогаш да не ја повторам, следниот пат да направам сосема просечна, средна, никаква.

Можам да го набљудувам пајакот во кадата со часови, ако не и со денови, и деноноќно, во спрега со моменталното расположение. Можам моментот да го растегнам во било што. Можам да напишам песна зад која да не стојам 100%, но тоа да не ме менува ни мене, ни песната, ни нешто посебно. Можам да се качам на многу висока кула и да ги гледам куќите и да замислувам што има во нив. Можам да се гледам во огледало како да не сум јас. И во еден момент можам неочекувано да си го поставам прашањето – кој си ти? И да не се збунам од одговорот, каков и да е.

Можам да се издигнувам над околностите, и да се преправам дека сум мртва додека наоколу се пука. Можам да се правам дека сум феникс. И од пепелот да направам глина и од глината град и во градот куќи од шеќер, како сон. И можам да ги изедам куќите, сите до една, и да ја воведам археологијата како основно образование сѐ додека не се пронајдат куќите.

Сега се гледа зошто не можев да станам обичен човек којшто може да заборави на себе. Можам да измислувам поговорки како да се народни. Non omnes omnia possunt, не можат сите сѐ.



## култови

И бесмисленоста си има свои степени, слично како температурата на воздухот или јачината на земјотресот, или точката на топење на металите.

Сите пореметувања во природата се должат на изместеноста на рајот од неговото природно лежиште, коешто првобитно било во срцето на човекот, слично на миризлива градина во којашто имало Сѐ.

Надвор од оваа градина, човекот страда од напади на бесмисла, што во некои култури се развиваат во моќни култови на себеубивање, како на пример во земјата на изгрејсонцето.

На Медитеранот пак, луѓето јадат многу луто и зачинето, и сакаат гласно да се расправаат и вечно да дебатираат околу бесмислени и споредни теми, само заради тоа што во суштина го негуваат култот кон флегматичноста.

Токму тука се родила демократијата.

## некако и куче

Во еден манастир во планина живееше една калуѓерка со еден пес што го нарече Икар. Таа самата се викаше Некако. Од самотијата си имаше исплетено венец, со кој си ја китеше главата во мигови на немоќ и скитање низ чудесните шуми околу манастирот. Песот толку се приврза кон неа, што таа престана да верува дека на животните им е даден само овој живот, и дека нема да го населат Рајот. Зошто тогаш би чувствувале љубов, а тоа беше толку очигледно.

Понекогаш кога ја гледаше со своите чисти, топли очи, го сублимираше кучешкиот јазик во неколку не толку сложени фрази од човечкиот говор, кажани просто со движењето на телото. Благо замавнување со шепата нанапред, двапати едноподруго – на пример, погали ме, дај ми да јадам, или гали ме подолго од обично. Калуѓерката, без да забележи, се приврза кон кучето коешто не беше лош придружник во планината, а и се имаше олабавено во однос на чувствата – ја отпушти космичката цензура да си талка по своите ѕвездени патеки, што некогаш навечер ги гледаа со Икар, ако небото беше чисто и отворено. Кога ја прашуваа зошто го нарече Икар, таа велеше – заради митските димензии на градот, Берово, сосема на



граница меѓу сега и овде. Потоа, многу често мислеше на војната во Ирак, и ова беше начин постојано да го повторува името, без да се забележи за што станува збор. Иако, за волја на вистината, од секои 10 довикувања, барем 5 пати не го нарекуваше И..., туку *свињо*! или *свинче*, а за да не го збуни, додаваше: носот ти е како на прасе.

Некако сакаше да го научи песот да биде послушен во сè, и во најмалите работи, но тоа воопшто не беше лесно. Додека беше мал, заради зависноста од неа, неговата послушност беше природна и ненасилна, оти нужноста не му даваше да види дека постои и друг избор. Но кога имаше седум месеци, еден ден на пладне, едноставно отшета до центарот на блискиот град, како да е слободно селско куче што во животот не видело стопан. Некако го замислуваше што ли прави сред град, на плоштадот, ѕирка ли по излозите на продавниците, препознава ли некого од мноштвото верници по кои инаку скокаше низ дворот... На еден ланец од тракторско тркало, доцна попладнето го донесе големото дете Езекил, од соседството. Икар беше некако сменет. Како да му беше паднал некој превез преку главата, така ја гледаше Некако, со нова и непозната светлина во очите. Така Некако реши да му пишува раскази на кучето, во коишто ќе му ги објаснува работите од нејзиниот агол, човечки. Но бидејќи пишуваше доста бавно, според првичните пресметки, очекуваше збирката да биде готова најбрзо за 8 години, а дотогаш, не се знае... Можеби Ирак ќе биде слободен, и можеби ќе можат, таа и кучето, да го посетат градот Ур, од каде што Аврам некогаш тргна кон Ветената земја. Бездруго сакаше да ги види урнатините на градот. Но тоа во другите раскази.

## давид

Во старо време, кога сѐ уште не постоеле самогласките, Давид ги пасел овците, додека неговите браќа ја воделе војната против филистејците.



Сегашноста на светов можеби и нема некоја поблиска врска со ваквата поделба на улогите, но ако човек седне и се задлабочи во гранките на семејното стебло, наеднаш сѐ станува можно. Искрснува сликата на Човештвото како едно огромно стебло, што со своите гранки ја пробива границата на небото, а со корењата, пак, ја подготвува почвата за секое наредно случување. Тоа не значи дека детерминизмот е на сила.

„Давид“ значи возљубен. Да се биде негов син значи во пакетот со ДНК да се наследат и илјадници псалми какви што никогаш веќе нема да бидат испеани. Тоа што меѓу другото го уби Голијат, е само една од мноштвото негови харизми.

Историјата никогаш не се повторува, па макар колку привидот да нѐ убедува во спротивното.

## голијат

А Противникот?

Во обратната перспектива на светот, мислејќи дека е силен, не додржува под продорниот поглед на соперникот, соборен како маса мускули, како недостаток на љубов. Убиен од возљубениот.



Барем оддалеку да потсетуваше на Самсон, да му се скратеа маките пред да се пушти во оптек митот за непобедливиот џин.

Но ете, судбината речиси никогаш не ги штеди силните.

## тринити на островот Самос

Попрво некој ќе ми напише житие
отколку што јас ќе го проникнам она-битие.



Во средиштето на нешто
суштината таинствено сокрила сешто.

Ако не е нешто друго отаде
а невидливо е - којзнае е каде?

Да го барам ли во сенките сега
кога и самата мисла во привид му бега.

Не е многу ни две,
туку е едно во сѐ.

И од каде доаѓа се чини споредно
потеклото како да не му е вредно.

И каде е, тешко е да се види
па колку и да прави окото обиди.

Дали воопшто е, ако го нема
Ил само мракот од светлината в миг го зема

И самото сонце блескајќи го крие
чиниш во обликот срж̀та му спие.

Причина има или празно е во сѐ нешто
како добро и убаво во едно споени вешто.

Највисока форма, од видот се измолкнува често
во обликот за мислите нема место.

За сетилата кутри со појава молчи: немо е сето
ќе да е овде или онде, ил' во нешто трето.



Ако зад сѐ е, во себе само
и ако отсекогаш веќе е, во однос таму-ваму

почеток познат ниту крај со ред не сакајќи да има
ни место на средина, туку од темелот покрив крадешкум зима

Тогаш од себе самото ли краде
за постоење на Другото да даде?

## ова е мајка ми

Додека ја гушкам, времето се згуснува, низ свеста се прави кратка рекапитулација, во рикошет од сцени се тркалам до најневеројатните ... Можам сѐ да соберам во еден збор, молкум како секогаш. Правејќи ги истите движења, циклично, во прегратка со мирис на ритуал.

„Не можам да замислам срце поголемо од нејзиното!“ – си велам, додека таа трепка, и ја почнува старата добра приказна за граѓанската војна...

Барајќи ги старите црно-бели фотографии, буричкам низ нејзиниот паричник и, сосема неочекувано, во една тајна фиока помеѓу илјада хаотично напишани телефонски броеви, откривам толку убава љубовна порака, каква што само можам да сонувам: „Мила... Еве, конечно ти спуштив ѕвезда. Таа свети.“

„Мојот дедо имаше обичај да рече: ’Животот е чудно краток. Сега, кога се потсетувам, тој толку ми се намалува што, на пример, одвај сфаќам како некој млад човек може да реши да одјава во најблиското село, без да се плаши дека – воопшто не земајќи ги предвид можните несреќни случувања – веќе ни траењето на обичниот живот што среќно тече, ни одблизу нема да биде доволно за таков пат.’“



- Што е ова? – ја прашувам, покажувајќи ѝ ја позадината од можеби најстарата семејна фотографија било кога направена.

- Мојот омилен расказ од Кафка - вели, и го враќа во скришната комора.

## супермаркет

Сите професори по философија, кога предаваат за постанокот на светот, несвесно навиваат или за *духот*, или за *материјата*, така што учениците, уште од мали нозе, се соочуваат со апсурдноста на дилемата.



Лутајќи меѓу најновата колекција на нивеа сапуни за раце, се прашувам дали проблемите на денешниот човек се разликуваат во корен од оние во времето на Вавилонската кула?

Каков шок за сетилата е таа блескавост од милиони предмети изложени на неколку м$^2$! Има нешто многу привлечно во тој блесок, нешто што ти го вади умот од засолништето и го понадворешнува, го става надвор од неговата матична територија, срцето. И ти се лепи умот за црвени, жолти, зелени, златни етикети со убави букви, коишто те мамат да ги земеш, да бидат *твои*. Наместо кило јаболка и некое доматче и пиперка, излегувам со боја за чевли, електрично перниче за греење нозе, една дршка целер (не баш свежа) и т.н. Си мислам, ех, ех, еден човек бев пред да влезам, а друг откако излегов. Влегов без, а излегов со.

И си велам (тетеравејќи се помеѓу сто видови кечап во конзерви, во пластични кеси, во шишиња, во цевки, во капсули) може ли материјата да има моќ над човекот?

Одговорот е од другата страна на гондолата, во царството на чипсовите. Ако успеам да не купам, нема.

И таман мислев дека се извлеков, кога налетувам на цел кордон свеќи, во секаков облик и на секаков начин. Особено неодоливи мирисливи, во чашки, коишто по стопувањето на восокот можат да се користат за пиење вода. Ем убаво ем практично. Ај сега, нека ме одмине оваа ... чашка?!!

Неочекувано, проверувајќи да не случајно во комплетот има некоја напукната чашка, ми се открива историјата за Вавилон. Кога ја граделе кулата, таа била толку убава, (Дубаи), што била речиси иста како Бог, ама не била Бог. Но заради убавината на кулата луѓето заборавиле на вистинската убавина којашто е Он.



Убавината само потсетува на Него, но не е Он. И во тоа се крие замката – да те задоволи *надворешната* убавина, да ти ги успие сетилата, и умот, како пијан, со погрешната ствар под пазувите, да мисли сиромавиот дека го пленил пленот.

Сепак, одбрав жолтеникав кристал, полско производство. Ете го Вавилон – привидната убавина, ми се вгнезди во корпата, стуткан меѓу тубите хидратантна крема и маска од краставици за мешана кожа, додека умот подрипнува од радост, небаре се качил на незнам кој кат од кулата, пред Бог да ја урне.

А касиеркава, некако чудно ме гледа, под око. Се прашувам, дали наместо цената, ги чита мислите?

Wash and go

## патот на озборувањето

Разговорот обично почнува многу наивно, без претензии да прерасне во бесконечна низа рекла-кажала, нанижани претпоставки, фабули, сижеа, концепти, нагаѓања, измислици, и на крај, серија од неповторливи анализи. Неретко на ваквата страст добро ѝ доаѓа благословената направа што ги пренесува звуците на далеку.



Во влезот А на зградата 23, до Ристиќева палата, живее старата професорка по историја, што предаваше во средното информатичко училиште Корчагин, до олимпискиот базен. Го паметам прекрасниот сив џемпер, во комбинација со долга плисирана сукња, навидум од индиско платно, одлична досетка за овој период од годината, иако нејзиниот син одамна се пресели во Софија, а и се ожени со Бугарка, го смени идентитетот, таа цел живот се бореше за независност и за правата на жените, но сега сè е залудно, постарата ќерка се удави во базенот на најдобрата другарка, во елитниот кварт на градот

Мислам дека живееше во Аргентина, се преселија по војната, но како се множат војниве, треба да воведеме нова хронологија, па добро, нека биде трета, моето сеќавање е како кула од карти што се руши пред секое ново заборавање

Таа беше инструктор по пораѓање во вода, и тоа *добар* инструктор; бебињата особено ја сакаа луѓето голи доаѓаат на светов, со вриштење, голи и си заминуваат, фонетскиот дел е помалку важен Професорката е многу тажна

Навистина? Не може да се врати во стариот колосек. Добро е повремено да те стресе некој таков настан, да ти го смени ритамот. Животот станува рутинска постапка, пиење кафе, повторувања

Ја гледаш ли планетава, збудалува од земјотреси, поплави, пожари: од секогаш замислував како би било кога целата човечка раса, сите луѓе во исто време би потскокнале, би се одвоиле за секунда од површината на земјата, дали отсуството на таа врска би сменило нешто? Гравитацијата, допирот; дали би ѝ олеснало на земјава? Ме прашуваш или е реторика? И едното и другото. Смислувањето интересни прашања е една од најкреативните техники за релаксација на мозокот



Никогаш не се поврати од шокот, ја пронајдоа смрзната на гробот од ќерка си. Знам дека учеше во истото школо со чудниот тип од старата куќа на кејот

Оној што го шета кучето секој ден по патеката за велосипедисти?

Не,

## причина

Би си ја пресекла ногата раката окото
За ти да бидеш *среќен*

Кога би била дозволена трговијата со Бог
Би ја понудила сета љубов на универзумот
За тебе

Да беше можно да се биде друг
Ќе ти бев второто јас

Да можеше небото да се просее низ сито
Ќе те чекав на дно од црна дупка



## мисли

Размислувањето е како патеката на пајакот, кога тој бавно, аутистички запира на секоја честичка прав, траги од вода, неочекувани дупки, остатоци од ронки, а најчесто без видлива причина.

Потребно е само човек да нема друга работа за да може целосно да се посвети на набљудувањето на пајаковото движење, па и самиот ќе се изненади од високиот степен на аналогност помеѓу внатрешното движење на мислите по мозочната кора, и начинот на кој тоа го прави пајакот.

И само уште ако има доволно време за да може доволно долго да набљудува, човек може да дојде до неверојатни откритија, од кои инаку се лишува под изговорот дека е премногу зафатен.

## the living sea



Овие денови,
Секвенци
Милион
Мигови
Испреплетени
Кадри сцени детали

Бев како табула раса, празна плоча врз која случувањата беспоштедно удираа со тешкиот клин на принудноста. Одвреме-навреме, на сред јадење, ќе почувствував таков апсурд измешан со deja vu, изгледа во мигот кога полу алхемиски, полу природно, гладта преоѓаше во ситост, без учество на мојата волја, како наеднаш да сфаќам дека немам никаква контрола врз ништо, имам само лажен впечаток дека имам. Боже, ќе сменам ли нешто? Или впловувам во промените како лист носен од виулици, раска во нечие око, етц.

## the man who cried



Покрај брегот на реката Вардар живееше еден човек со непрекинати борби во срцето.



Постојано за сѐ се сомневаше. За секоја работа имаше едно главно мислење и по едно или повеќе споредни.

Еден ден човекот неочекувано почна да плаче, независно од својата волја. Солзите беа за него како некаква порака од непознат испраќач, и плашејќи се од вирус, тој инстинктивно посака да ја избрише. Но солзите не запираа и неговите очи беа како разурната брана пред овој чуден феномен на незапирливо истекување. Почна да се плаши дека ќе истече целиот и ќе се претопи со реката. Немаше некоја посебна болка во срцето, туку само долго, без крај долго исчудување пред феноменот на новото присуство.

Конечно, и границата помеѓу него, плачот и реката истече

## јавањето по брановите на самотијата е уметност над уметностите*

Кога би ја знаеле тајната на постоењето
Или начинот на кој сме присутни
А можеби и причината
Би било полесно

Да се избегне челуста
На ајкулата

* Неискусен јавач не е оној кој не може да го заузда упорниот и див коњ, туку оној кој не умее да излезе на крај со мирен и послушен коњ



## загубеното време

Да пред извесно време не ми беа потребни календар, часовник и било каков потсетник за нешто, макар заврзан конец на домалиот прст на левата рака.

Но отсуството на вакви потсетници само ги засилува моите сомневања дека времето истекува обратно од насоката на моето стареење, додека јас упорно имам недостиг од време... Се плашам дека, наместо да умрам, ќе треба допрва да се родам, макар како Јона*. Ако со секој нареден роденден се смалува растојанието до точката на раѓање за вечноста (што се совпаѓа со мигот на напуштањето на о в о ј свет), тогаш сите досега прославени родендени биле попусто пријавувани зрнца песок во бирото за загубени работи.

*Од утробата на китот

## живеење во дупка

Да се живее во дупка, е исто како и секое друго живеење, со тоа што во доменот на метаболизмот ... има едно мало изместување, на коешто организмот брзо се навикнува, и за многу кратко време микрокосмосот на човекот затекнат во дупка станува симпатична и несекојдневна тавтологија.



Средбата на две дупки во трета дупка е навреда за местото што претходно било исполнето, бидејќи се наметнува прашањето за вистинитоста на празнината добиена по вештачки пат, со клонирање.

Но со тоа веќе се навлегува во сферата на capax infiniti, а тоа поле е сосем неистражено. На пример, колку длабоко може да се копа, и дали постои крај во длабочина, а подеднакво и на другите страни, на пример во хоризонтала десно или во височина. Но, и сите комбинации од постојните букви на сите јазици да се направат, не би ги исцрпеле можните насоки, во прилог на infiniti, и тоа само во однос на насоките.

Предноста на дупката се состои во тоа што може многу повнимателно да се следи гласот на внатрешноста. Во таа напрегната восредоточеност, многу полесно се открива средиштето на сè, коешто е всушност чудесна спирала од безброј скалила на себеиспразнетост, при што, ако се стапне на само едно од нив, постои можност за целосно исчезнување во некаква праслика на сегашноста, апсолутно неподвижна, и тотално непредвидлива, така што со тешко срце би можело да се рече дека сè тече...

## змеј

Ги избегнувам клучните изрази, речиси молчам, бидејќи
ме читаш оддалеку
Со нишките на провидението
откриваш



А премрежијата плетат бесшумно
Блиску до умот
Плетат ли плетат
чудесни планови, тајни,

на работ од нешто,
поблиску од вратната жила

мора да е
танц на врвот од огнот
одење по жар
и принуда
ова лудо чувство
на нескротлив гнев
другото лице
на љубовта

## казан

Во моментов сум еден голем казан во кој се измешале сите правци на светов. Сега сум верник, сега неверник, сега паѓам а сега летам, сега сум влекач а сега сирена. Ме вакцинирале со згуснато време па имам антитела за минливост, или обратно.



Да не го бранувам духот на Einstein, едната Карпа...

Ако има детерминизам, нема слобода.

Или можеби, донекаде има детерминизам, а од некаде натаму тоа другото? Има нели и такви, кои тврдат дека човекот самиот одбира да дојде на овој свет, иако потоа заборава на сопствениот избор.

Ако тргнеме наназад за да ја утврдиме причината за било која *катастрофа*, ќе дојдеме до создавањето на светот, до самиот почеток на сѐ.

Во баналниот синџир на причини и последици, има толку многу од едните и од другите, што единственото нешто што мене ме поттикнува да мислам и да верувам дека нешто можам да смислам, е фасцинантноста на тоа колку човекот со својата слободна волја си го ограничува изборот.

Во таа топкарница од џинови-идеи кои меѓусебно се судираат, се одбиваат, се разминуваат и се тркалаат во недогледот на бескрајната празнина, т.е. полнота, забележувам

Една која ме влече како магнет, а тоа е дека љубовта и ништото се едно исто

## ако се накашлам како мачка

Дали планините се планини
А реките реки?
Во пештерава
Мракот добива инаква перспектива
Господи, повторно *губам*
Себеси или Тебе
Дали е губењето точка
И од аспект на геометрија
Колку длабоко се пропаѓа
Надвор од сите конвенции,
Кои се координатите на дното?

Господи те молам
Прости му на овој глушец што ми глуми супер его на само
А пред другите умилно мјаука;

„Ох, кога постоењево би можело
Да добие некоја друга димензија...“



## симпозиум нов

*Од тоа јадро*
*луѓето ја добиваат сета сила,*
*сета инспирација, па и самиот живот.*

Дејствието се случува во една планина, во јужниот дел на Makedonija.

Приказната е класична, со конвенционално наравоучение, коешто порачува дека човекот треба да е свесен за последиците од своите дела. Младото момче во трошната планинска колиба на својот Учител ги изневерува неговите очекувања, кога наместо да го освои црниот појас, им подлегнува на слабостите на човековата природа. Ја поминува ноќта со убавата ќерка на Учителот, и засекогаш се лишува од благодатта на мистичното учење коешто само еден миг пред да згреши, беше целиот негов живот. Што да се прави?

Да се зборува за љубовта, како што тоа го направил пред илјадници години Платон, тоа исклучително светло соѕвездие со кое небото навечер се гаси а наутро се пали. И да се размислува за јадрото на Никола Тесла, кога вели:

„...Во вселената постои едно јадро. Тоа вечно нѐ привлекува. Јас ја чувствувам неговата моќ и вредностите кои тоа ги емитува низ целата вселена и тоа ја одржува во хармонија“.

Целта на симпозиумот да биде пронаоѓање на барем еден доказ за хармонијата на Тесла. И со овој доказ да се утеши младото момче коешто за само една ноќ загуби сѐ.



## пролет, лето, есен, зима

А што да се каже на тоа дека Никој не може да ни го одземе она што никогаш не сме го присвоиле?

Да одземеме или да додадеме на тоа што го немаме...

На тоа што не може да биде наше иако сме ние

тие

## патологија

*Болка 1*

Ако прилегнав да дремнам ко голема мечка, тоа ништо не мора да значи.

Ќе се вратам на сцена, вака или така, колку и да сакаш плачи.

Во шок сум, во делириум, во занес и кома,

Не можам да откријам што ми е *дома*.

*Болка 2*

Се прпелкам, бладам, сеништа гледам

Секакви визии на јаве предам

Тишина врз тишина, ѓердан редам

Прашања бескрај, траги чудни следам.



*Болка 3*

Некогаш сакав крај да нема

Да чекорам долго, сон да не ме зема;

Да исчезнат меѓи, дамар да стивне,

Инаков начин над сѐ да ме вивне...

Болка

Numero no

## концепт

Заради силата на приликите, од областа на општото, тешко дека може да се извлече некаков посебен заклучок со кој подлабоко би се проникнала тајната на сѐ што постои наоколу и внатре.

○

Но барем некаква маглива претстава, за тоа што е прво, а што последно, можеби и би можела да се наспе, по пат на набљудување, доколку оној што набљудува ја избегне замката на огледалото. На тој начин прашањето за јајцето и кокошката добива една сосема нова димензија, далеку над баналниот призвук на хронолошкиот аспект, во прашањето за преобразувањето и чудесното менување на облици – обете нешта се едно исто (нешто), тогаш кога ќе поминат низ турбината наречена човек.



## ко егзистенција

Доаѓам до една точка
Во која само пресвртот може нешто да значи
Чудна некоја точка
Стратегиски непрепознатлива
Ѝ фрлам ракавица
На оваа таинствена
Космичка насмевка
Којашто не престанува со својот ладен шарм
Да ми го нуди лажниот брак на чекањето
Ништо
Кое
И без тоа
Нема да се појави
Пред олтарот

## miserum est

Чекав со години, да исчезне сенката на темната патетика што ме следеше во чекор, за да можам да кажам што и да е нормално, без призвук на здодевната универзална емпатија со сè што постои.

Сочувство со дрвјата што растат
Сочувство со зеленилото на тревата
Црнилото на ѕвезденото небо
Сочувство со блескавоста на сонцето
Со расцепените атоми
И сите неиспукани рафали живот
Што висат во воздухот ко закана
Или само шанса

Распослана во чадореста обвивка околу мене, небаре аура, неуморно коментира сè што се случува.

Низ нишанот на патосот, се шири впечаток дека универзумот е производ со фабричка мана, којашто успешно се камуфлира со квалитетни козметички средства во вид на боја, звук, мирис и разни други ефекти.

Со сè, неприкосновено владее законот на природата, понижувајќи ја и самата убавина до степен на нус појава.



## мементо

Човекот, за да придобие за себеси некој исклучителен животен пат со помош на мислењето, потребно е најпрво да го совлада демонот на колективното несвесно, за кога ќе дојде мигот на соочување со себеси, успешно да ги избегне сите народни обичаи, ама баш сите. Почнувајќи од утринската гимнастика и првото кафе.

Исто така, корисно е меморирањето латински поговорки, од типот:

Difficile est satiram non scribere;[1]
Inter arma silent Musae; [2]
Incertum est quo te loco mors expectat; [3]
itaque tu illam omniloco expecta. [4]

При што, за превод на истите, пожелно е да не се користи речник, туку да се пронајде автохтоната мозочна база *вавилон*, со над милион зборови и фрази, сместена во црно-белата зона, во средиштето на левата хемисфера.

Откако ќе ги научи сите, ќе биде подготвен да излезе на мегдан со судбината, каде што ќе сфати дека multo se ipsum quam hostem superare operosius est.

---

1 Тешко е да не се пишува сатира;
2 Во војна Музите молчат;
3 Неизвесно е каде ќе те затекне смртта, затоа ти очекувај ја секаде;
4 Од сите непријатели најтешко е да се победиш себеси.

## дисциплина

Ако discipulus научи
Дека планетава е округла
Или дека има свод
Одоздола два столба
Одозгора резервоар со вода
Како discipulus ќе се справи
со наезда на скакулци
во глуво доба

Дали discipulus ќе испрати
Air force one
Или ќе го стигне покора



## game, seth, match

Никогаш нема да одгатнам како можев толку брзо и неосетно да се трансформирам во Чудовиште?

Денес, иако веќе сосема искусна во носењето на улогите, ... признавам дека ми недостига старата јас, пред да се загуби сјајот во очите и да се појави печатот на времето, во вид на соодветна маска, што кај секој што ќе ме погледнеше предизвикуваше чудење со примеси на пу-пу, недајбоже. А јас почнав да се соживувам со улогата на изрод, ѕвер, страшило. Ако требаше да отплатам некаков долг, да поднесам казна, или просто затоа што некој ѓаволски ум посакал да се пошегува на моја сметка, не можам да замислам нешто што повеќе би одговарало од тоа. Или можеби сѐ било само грд сон, со задоцнето будење, ако веќе се обидувам да ги пронајдам добрите страни.

Нема добри страни. Сепак, видов како е да си мртов додека срцето ти чука, дишеш, екстремитетите ти се во функција, а хормоните ја лачат плазмата на животот. Лишен си од чувството за метафизичност, и наместо сѐ доминира една опојна, час делумна, час тотална амнезија...

На некој начин, тоа ме втурна во бегство. Песната на јарецот. Потребата да се сокријам далеку од очите на

луѓето. Да го најдам Господ, да Го прашам „зошто“, она што Јов не го направи. Дури и да не бев виновна, дури и да беше просто експеримент, или една можна насока на течење на фабулата, сакав да побегнам, да не подлегнам на... условите на лабораторијата.

И за да остане митот за Пепелашка целосно неповреден, ме држеше една невешто скриена надеж, којашто некако успеав да ја прокриумчарам при преминот на чудната граница. Заедно со погрешно избраните чевли, жртвуваните прсти, бројните плускавци и воопшто сиот метеж околу страдањето. Сите трансформации што ги доживеав во суштина беа боксување со лагата, со лагите, со мноштво лаги, со изобилство од измами.

Денес, мислам дека не можам повеќе. Ја допрев *последната празнина*, и веќе долго време мојот живот е сведен на овој допир, можеби мојот начин на постоење е најблизок до оној на растенијата, но како инаку ќе дознаев толку многу за душата на апсурдот?

Имено, тоа, дека животот е подарок и светлина, а јас сè повеќе, и незапирливо тонам, а мракот, како дневна соба на некоја неидентификувана супернова, е сè погуст.



## жена диета

Познавам најмалку две, коишто пред да станат дебели и грди, биле вообичаено пополнети, по стандардите на меѓународниот мерен систем.

Што е тоа во животот на жената, што го поттикнува нејзиното дебелеење? Ми личи на еден фин, тивок, прикриен инает, така суптилно и грижливо спакуван во масните наслаги. Ако инаетот не се гледа, ова сигурно е видливо!

На кого му тера инает дебелата (жена)?

Како прво, на целиот свет. Како второ, на себеси, и трето, на сите што на кој и да е начин застанале помеѓу неа и светот.

Наместо да вресне, голтнува колаче. И тоа, самата си го подготвува, по традиционални рецепти од тајниот долап на баба ѝ. Бабата исто така, пред да го напушти овој свет, од дебелина не може да се помести од креветот, и речиси е невозможно да се префрли во ковчег. Од непознати причини, наместо да ја избегне истата судбина, сликата за дебелината што го препокрива светот, ја врежува длабоко во потсвеста, и од таму не престанува да ја поттикнува таа самата да стане таква, да се вклопи во сликата. Секоја спротивставувачка помисла, двојна доза колачиња. Бунт.

Значи, дебелата најпрво станува дебела во *умот*. На престолот на семожната имагинација се зацарува голата

Маја со невидени облини, толку непропорционална во однос на окружувањето, што го повнатрешнува поимот околина, и со тоа остварува еден поблизок и подиректен однос со светот, којшто сега, стокмен во порите на кожата, ја набљудува неа како сопствена околина. Салото на еден неочекуван начин го упростува начинот на постоење, сѐ е на едно место, на дофат на раката, всушност, сѐ е (во) самата рака. Колачето, салатата, питата, јогуртот, и резервите во случај на ненадејна смрт. За да има со што да се занимава распаѓањето.



## пријателот на смртта

Така како што одвоено сонуваме, еден ден ќе мораме посебно да умреме, секој со својата сопствена смрт.

Провери дали вратата е заклучена, ми велиш, плашејќи се да не те убие некој за време на спиењето. Мислиш дека сум опседната со помислата на смртта, но тоа е повеќе технолошки проблем одошто смрт!

Ќе знам ли да го направам тоа?

*Кога бев дете како дете мислев;* и убавите места од книгите ги сечев со ножички и ги лепев на ѕид за да можам почесто (или засекогаш) да ги гледам и да мислам на нив. Повеќето беа убави размислувања за смртта, и нешто околу разделбите...

Затоа сега со денови се обидувам својата волја да му ја потчинам на животот, без да роптам и тоа е поопсесивно од најопсесивното мислење на смртта. Тоа е настан што ќе се случи со свој мирис, боја, движење и друго. Кога ја прочитав Тибетанската книга на мртвите, се стаписав од чудење и добив желба со денови да бидам затворена во било кој од милионите спомени од детството каде што сѐ беше светлина. Иако и од неа испаруваше порака, како лебдечко облаче, да се спознаеш себеси пред да те остави ангелот чувар. Сигурно, бездруго не би сакала, пред да заминам од ова чудесно место наречено живот, да ја преспијам таа средба. Не верувам дека ќе имам друга прилика.

## глетки

Секој дел од денот е обременет со сопствена ритуалност, во тесна поврзаност со нештата што човек ги внесува или изнесува од своето тело. Настрана од овој дневно-ноќен метаболизам, а погледнато низ нишанот на една вонкосмичка опсерваторија, над идилата во светот демнее заканата на една, од никого повикана испразнетост, најчесто во вид на ненаселено копно ширум планетата. Се прашува ли некој што се случува на места што никој никогаш нема да ги види?



## дефокусирање

Интересно е кога некој што вчера ти симнувал ѕвезди, денес ти доаѓа и ти вели „Врати ми ги назад ѕвездите“.

Освен тоа, гледа ако може некако да направи попис и на другите работи во вид на писма, подароци, заеднички поминато време во прегратка и сѐ слично на тоа.

Па така, додека навлекуваш свилени ракавици и со тремор буричкаш низ најскриените ќошиња на срцето, му ги вадиш скапаните ѕвезди патем бришејќи ги од прашина, навистина му ги враќаш, без да ти се затресат рацете. И си мислиш „ццц, знаев дека имаше нешто гнило во неговите ветувања...“

Среќа што просторот на срцето е без крај и без почеток.

Како ништо да не било, се фокусираш на нешто друго.

## куклата на митрополитот Антониј

Солената кукла на брегот на океанот постојано си го поставувала најпопуларното прашање на светот, „Кој сум јас?“

Еден ден, кога веќе била доволно солена, влегла во широкото водено синило и го прашала „Кој си Ти?“ А синилото молчело. Молкот бил посилен дури и од бескрајот на синилото.

На крајот, кога куклата сосема се стопила со океанот, со сета радост на сопственото исчезнување, извикала: „Знам, Ти си јас!“



## делузија

Околу пладне, човече со интересна ловџиска шапка и скијачка јакна тропа многу претпазливо на влезната врата и потскокнува изненаден кога од зад грб го поздравувам: „Добарден“.

„Добар е, навистина, вели и љубопитно ме гледа. „Ваша ли е таа фонтаната позади?“ прашува тивко, речиси и не ги движи усните.

Се чудам од каде му излегуваат зборовите.

„Не е фонтана.“ Се трудам и јас да изговарам без дополнителни напори.

„Сепак сум заинтересиран да ја купам, се разбира, ако вам ви одговара.“ За миг, колку што трае едно трепкање со очите, забележав едвај видливо придвижување во левиот агол на долната усна. Како знак дека сака да ме одоброволи. „Пукна цевката утрово, го чекаме мајсторот секој миг да пристигне, да ја поправи. Не е фонтана и не е за продавање. Што би правеле без вода?“

„Треба да ги заштитите цевките од студот. Ова е планина.“ Го продолжи во истиот манир на неподвижност своето излагање.

„Архитектот ми вети дека нема да замрзне до минус 40.“

„Денес сите ветуваат невозможни работи. Сигурно кога ви ветил било пријатно летно попладне, за полесно да поверувате. Во продавница никогаш не се оди гладен. Се купува без потреба.“ Си ја почеша ретката брада и во недоумица тргна надолу по скалите, како да сакаше уште нешто да каже. На сред скалило застана и почна да се смее гласно и како да е самиот од себеси изненаден. „А јас... ааа... а... мислев... ха, хааа... мислев дека е... хахаха... дека е фонтана... како ли само...?!“ Едвај ги изговори зборовите, низ рафалите незапирливо смеење, дури се исплашив да не се задави. Полека оддалечувајќи се, на вратата речиси се судри со водоинсталатерот, но овој воопшто не го забележа, туку залетан со клештите во едната и дождобран во другата рака, се фрли во водата решен секако до истекот на своето работно време, да ја закрпи цевката и да го тргне впечатокот на езеро којшто веќе беше зафатил добра половина од дворот, мамејќи ги минувачите дека е некое друго време, на истото место. Така на ловџијата, му се причини фонтана.



## сламката за која се фаќаат давениците

На планот на постоењето, во оној чуден период на меѓу-време, кога се мешаат перспективите на разни видови предодреденост, во базата на податоци останува непокриена со прав, да блеска посилно од најскапоцен камен изреката: Ако сакаш да го насмееш Севишниот, кажи му ги своите планови...

Не знам зошто, и најбезначајната предумисла во чијашто грпка грижливо се спакувани грст неостварливи планови, во споредба со обична рекапитулација на какво било минато, тежи повеќе само ако се набљудува надвор од рамките на времето.

На пример, во миговите кога се случуваат сообраќајни незгоди или кога напаѓаат неизлечиви болести, и особено на смртната постела, човек сфаќа дека *ништо* не можело да биде поинаку, и покрај изобилието можности...

Со мобилниот телефон всушност си голтнал еден микрочип преку кој секој може да ти ги чита мислите на секое место од твоето постоење. Особено е интересно кога ќе добиеш погрешна порака и за кратко ќе се почувствуваш како *некој друг*. Можеби единствено заради ова чувство вреди да се има мобилниот.

Тогаш Ти се чувствуваш како да не си Ти, нешто што отсекогаш си сакал да го пробаш.

Одејќи со стрелката надолу, исчудувањето во свеста прераснува во една мала нечујна еурека, кога на прагот од себеси, на крајот од пораките извикуваш:

-Јас – не (сум) Јас! Тоа е тоа.





Во ритуалот на утринското пиење кафе, влетува мојата внука со глобус поголем од неа самата, и со полет на детепризрак, го свртува како вртимушка по подот на собата. Следејќи го патот на топката, ненадејно и со затворени очи ја запира, ја исчитува одбраната дестинација, соопштувајќи ми го името. Јас треба да кажам да или не. И таа прави список.

Во еден момент застанува во Кина. Јас велам ДА.

Таа ме погледнува под око, и полутивко вели: *има сарс, ако ли*?

Јас потврдувам уште еднаш, и велам: штоако!

Сосема инстинктивно застанав зад најдолгиот ѕид на светот како роден Кинез.

Треба да се биде патриот во однос на целава земјина топка, си мислам, или воопшто да не се биде никаков.

Мечкин камен, или Кинески ѕид, е следното прашање.

Па што, и во Африка беше слично пред некоја година, кога го промовираа ХИВ вирусот. Луѓето се врзуваат, што стана со лекцијата по detouchment?

Мисли глобално, и не делувај; ќе почнам ноќе да пишувам графити по сивите улици. Графити, графити!

Значи, колку е малечка земјината топка, може во детска дланка да се смести. Ми се чуди зошто сум ја сакала Америка. И велам: еј, не ми го допирај Перу! Тргни го прстот, да ти покажам една река, слична на Ганг; јас, познатиот чилеански комита, со фазан на десното рамо, и со стотици филмови на другото, и со еден чифт златни мамузи, со еден стар паброд што ги превезува талкачите на запад, пловам по Амазон, и ветрот ме шиба, безмилосно...

Сфаќаш ли, ѝ велам (сега малку јас ќе ја индоктринирам) ние сме од земја, и затоа целава земја е наша и не е наша во исто време. Не е важно каде си, што си и со кого си. Важно е да го надминуваш сето тоа. Таква е љубовта по дефиниција. НАД.

Вистински филм, нели? Таа во секој случај не ме разбира. Но можеби некогаш, по многу години, ќе се најде во ситуација, кога ќе ѝ се најдат зборовиве. Запомни, ако си на корида, сети се на Шар Планина. Меѓу луѓето секогаш има тензија. Но ти движи се, без разлика. Поважен од сè е внатрешниот простор, а тој нема граници.

Имаш ли некое друго омилено место? Пред да те исплашат со трета светска (војна). Би сакала еден ден да поседам во Катманду. А да се искачуваш? Не мора.

Синајска Гора, бездруго.

Но вака мила моја, заличуваме на учебник по географија. Секоја игра по одредено време ја губи магијата. Се сеќаваш, на почетокот, како ти светкаа очињата кога ми рече: *Владивосток*! А сега, и најоддалеченото место на планетава ми е овде, зад затворени очи.

Ноќта, додека сум спиела, таа го направила списокот од земји што ги допре на глобусот, и покрај секоја од нив мојот одговор. ДА/НЕ.

За некогаш, да ни се најде.



## невозможен политички дијалог

### (сценарио за заговор)

Да инсценираме сообраќајна незгода
Во која Македонија ќе погине
И со нов идентитет ќе се појави
На друга територија, во друго време
Со друга религија
И со истото население

## убивање на љубовта

Секогаш со истата немилосрдна точност во постапката успевав во изразот на љубовта да ја пронајдам нејзината спротивност. И додека трепнеш – блеснува остриот заб на омразата, и те загризува, длабоко и отрезнувачки. Тој што мислел дека те љуби, одеднаш не знае што со себе, на вртелешката контрадикторни чувства и мисли, што на крај во најмала рака резултира со состојба на рамнодушност, заради минимум учтивост.



За жал, соблазнителните содржини остануваат потиснати во длабочините и прашање е дали некогаш ќе бидат наречени со своето вистинско име.

Само се обидувам да исчепкам дека љубовта е *нешто друго*.

Не страста, огнот на телесното соединување. Не чувствата, блаженото губење на себеси во срцето на другиот. Не желбата да го имаш љубениот. Не потребата да го гледаш секој миг, одовде до вечноста.

Не вештината да се направиш себеси едно со него. Ништо од сето тоа.

Секогаш нешто друго. Можеби слично на слобода. И повторно, секој обид за дефиниција, ограничува.

Во секој случај, добро е она за што се мисли дека е љубов, да помине низ што е можно повеќе тестови. Вистината на сè ќе одолее, а ако љубовта во својата крајна инстанца не се изедначи со неа, е обично залажување.

Црвот на љубомората го нагризува мозокот и копа во него дупка од сомневање дека е можно да сакаш повеќе луѓе одеднаш, и за сите да согоруваш со истиот плам. Како да е љубовта апсурд.

Има ли само *една* што треба да ја следиш до крајот на животот и по смртта, или ги има толку многу што со еден збор се нарекуваат СИТЕ и сè?

Еднакво на скандал во приказната е што твоите избраници не се познаваат меѓусебно и се немаат сретнато на ниедно друго место во светот, освен во твоето срце!

Е, тоа е вистинска, *иако* невидлива заедница.

## тривија

Некои велат дека е добро по 100 пати на ден да поминеш со чешелот низ косата, било добро за влакното, а и за кожата на главата.

И додека секојдневно вежбам да ја достигнам фамозната стотка, речиси секогаш некаде кај шеесеттото замавнување, и не сакајќи, ми навира сеќавање на древните пантеистички цивилизации, чиишто ц и в и л и имале обичај, кога ќе победеле во војна, како знак на триумф, да му го извадат скалпот на непријателот, и да му го принесат како жртва на својот бог на војната.

- Не можам *во мир* ни да се исчешлам, си мислам.

Моето секојдневие е како тркалото на животот, започнува со најобично чешлање, а потоа со леснотија на пердув, ТРКАЛЕЗНОСТА се исчашува во некои непознати димензии на неповрат, при што со брзина на три зачешлувања во секунда, колективното станува *мое* лично сопствено, и како дел од целината ме исправува пред севкупната историја на светот.

Гледам, не гледам, верувам, не верувам: и птиците небески се поубаво облечени од најгламурозниот стајлинг на цар Соломон и на царицата од Саба ни едно влакно од главата нема да ѝ фали, додека јас се чешлам.



## текстурата на космосот

И ангелите имаат тело, само е неспоредливо со телото на човекот. Поскоро станува збор за нешто слично на холограм, отколку вистинска материја, како што е земјиниот состав, во комбинација со воздух, оган или вода. Ангелите можат да се сретнат насекаде, иако главно ја избегнуваат земјата како можно шеталиште. Се вели дека тие живеат во повисоките сфери над небото, каде што е невозможно да се долета со некоја од досега исконструираните направи на човекот, било да е ракета, хеликоптер или летечка чинија.

Во системот на сонцето, Земјата има многу низок рејтинг на списокот посакувани дестинации за разно-разните космички намерници.

Така, кога вонземните екскурзии ја надлетуваат и обично заобиколуваат, водичот ја посочува како алтернатива на рајот, привремено одредиште и место за наменска употреба. За катарза на паднатите, за себепознание и љубов, таа фина кршлива супстанца што лежи ко бисер врз папокот на светот.

## чистка

Се молам да ме нема
Од чисто еколошки аспект



## лек за смртта

Во кој било сериозен пристап кон третирањето на ова акутно заболување, искусните врачеви обично препорачуваат комбинација од меки седативи со мускулни релаксанси и средства за подобрување на мозочната концентрација, со цел вкупната психофизичка спрега на човекот да се подготви за дочек на смртта, слично како за Нова година.

Но најбезболен лек е, во секој случај, *бесмртноста*. Да се зема во континуитет, секојдневно, по неколку грама чист отров за глувци.

## ракописи на шала на смеа



Во времето кога Аристотел одел по земјата, кардиолозите успеале да ја протурат догмата според која искривувањето на мускулите на лицето во грч на насмевка, било штетно за работата на срцето, и истовремено го забрзувало процесот на стареење. Советот на сериозни старци веднаш сковал закон за забрането смеење, во јавниот и во приватниот живот. Како последица на ова, плашејќи се од казна, осуда, стигматизација и слични реперкусии, луѓето со векови ја потиснувале смеата што им надоаѓала во најразлични секојдневни ситуации.

Единствен начин смеењето засекогаш да не замре, биле мислите. Луѓето умирале од смеење во духот, додека навидум лееле солзи или едноставно биле сериозни. Така настанал театарот, и потребата од катарза.

И ден денес, кога некој ќе каже вкусна шега во милје на забетонирано сериозна атмосфера, ми се враќа духот на оваа догма, и до мила волја се умирам од смеење.

Особено е големо задоволството, кога од продорниот звук на смеата, по површината на бетонот се појавуваат пукнатини, а на сериозноста ѝ се разнишуваат темелите, небаре смеата е моќ.

## трансфер на искуство



Се сеќавам, кога првпат слушнав дека е добро човек да се учи на туѓите грешки, решив да направам грешка што не ја направил никој.

Откако ја направив, ја патентирав во Републичкиот завод за патенти, и со нетрпение чекав некој да згреши. Грешката имаше тежина на прекуокеански брод, и обично откако ќе ја направеа, луѓето инстинктивно добиваа желба да скокнат од бродот. Патентот се состоеше во една мала розева гума за спасување што одеше во пакет со грешката.

## исповед писмо

Монотонијата на животот голта сè пред себе. А тоа се дозволува не сакајќи, заради линијата на помал отпор. Дури и нема да забележиш, а веќе длабоко си загазил во ефемерност. Треба човек да си најде нешто што постојано ќе го изместува од рамнотежа...

Смртта, на пример.

Додека ги пишувам редовиве некој умира. На разни начини. Во автобус, да речеме, доста невообичаено. Во војна. Или авион.

Зошто секогаш, и речиси, без исклучок, нејзиниот настап е ненадеен? Или, сепак, постои некој посебен начин за подготовка или предзнаење, или... На пример, уште за време на животот да се умре, а потоа, во судниот час тоа да биде само формалност...? Или, да се стави сè во куфер, да се отиде на плажа, да се легне на песокот и да се чека?

Некогаш, не многу одамна, иако не можам да проценам колку многу не, се плашев дека ќе влезам во некаква рутина и ќе испуштам да сум сведок на убавината на животот. Секогаш кога се навикнувам на одредени ситуации... предели, луѓе, места, амбиенти, пејсажи, проблеми... постои таа опасност. Дишењето како последна навика. Потреба, нешто без кое не може.



И ако не ја добиеш потребната доза, умираш. Го имам тоа чувство, постојано... Овостраното не знам од која страна е. Дали во радост или во тага, сеедно, оти тоа ѝ припаѓа на душата. Црното и белото стануваат бои на изедначеност. Во позадината на сето ова, има еден извор на светлина, од кој проистекува сè. Темнината е само отсуство на светлината, но и тоа отсуство, сенката, мракот, и тие ми се чинат проѕирни, привид што не звучи доволно убедливо. Злото нема битие. Силата на воскресението покрива сè.

Денес посакав со некого да ги разменам овие мисли. А потоа, си реков, можеби јас, заборавив да мислам, или да зборувам?... Што би кажала, сега, кога некој би бил овде? Вистински, од срцето? Би изустила некои зборови на љубов, но потоа; би молчела. Мојот мимесис на лудилото секогаш завршува во молк. Сметам на длабока искреност. Последната маска зад која нема ништо, освен самото ништо. Не знам дали, допрена од ова ништо, во бездната на себе..... молкот ми е единствен начин нешто вистински да кажам. Колку е тој способен за односност. Јас до бескрај би ги разменувала своите мисли со множества ситни ништенца... И се плашам да ја покажувам својата внатрешност. Смеам ли некому да му го покажам своето ништо? Можната реакција? Или не е важно...

## меч со повеќе острици

На дното на душата во срцето на сè каде за да се спуштиш Поминуваш преку илјада НЕ

Зборува Бог

И нема да Го видиш ни Него, ниту светот, зашто таму Бог Самиот Себеси се гледа



## полигони 2

Ви се јавувам од тајниот вселенски брод
со многу чуден енергетски код
Паѓаат метеори и комети во усвитен жар
и небото тивко блеска ко скапоцен дар
Каде и да пловиш чудесно е ко сон
од тишината насекаде ечи бесшумен ѕвон
И лево и десно, и доле и горе
Бескрајно убаво, чудесно море
Облаци лесни бранови сини
школки и желки, песочни дини
Пустини жолти водопади диви
од зрнца песок големи ниви
Еленче рипка со скакулец на рог
полжав и коњче се тркаат со смок
Булка и врабец се сретнале во лет
компир, роза и лукче направиле букет
И на сите светлината полигони им прави
за да не може метежот под свое да ги стави:
да вежбаат неуморно ден и ноќ
во знаењето за себе да најдат моќ, та мирот да го плени целиот свет
да нема крај овој чудесен лет

*На Јойа*

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРКАТА

Авторката Галијана М. не постои, туку е измислена личност зад која се крие вистинскиот автор на книгата раскази Полигони. Доколку го откриеме, се доведува во прашање потребата од новосоздадениот, привремен идентитет на писателката.

Вистинскиот автор, во координација со издавачот, со оваа игра на идентитети, сака да создаде платформа за соочување на спротивставените тези во врска со идентитетот на сѐ што постои, користејќи се со идентитетот на Галијана како точка на можно вкрстување со непостоечкото.

Инаку Галијана е родена во март 2007 година во Македонија, и ова е нејзино дебитантско остварување.